Технолошко-технички факултет-Велес

| Примено: | 13.02.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 05 | 178/2 | | |

Друштво за фармацевтско хемиски производ
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ
Бр. 899
12.02 2015 год.
СКОПЈЕ

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
склучен помеѓу

1. Универзитет ,,Св. Климент Охридски"- Битола, Технолошко – Технички Факултет Велес, со седиште на ул. Димитар Влахов бб, 1400 Велес застапуван од Деканот Доцент д-р Валентина Павлова (во натамошниот текст Факултетот) и,

2. Реплек Фарм Дооел, Друштво за фармацевтско хемиски производи со седиште на ул. Козле 188 од Скопје, застапувано од Генералниот директор Др. Иван Туџаров (во натамошниот текст Реплек Фарм)

Член 1 – ЦЕЛИ

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес базирани на искористувањето на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредувањето на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на природните и фармацевтските науки.

Член 2 – ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, со посебен акцент на следните полиња на соработка:

1. Работа на развојно-истражувачки проекти, реализирани преку:
   а) соработка на експертски и професионални тимови определени од потписниците;
   б) изработка на магистерски и докторски трудови од страна на постдипломци при Факултетот, а во функција на проекти од интерес на потписниците;
2. Работа на апликативни проекти, со посебен акцент на:
   а) дефинирање на проектни задачи;
   б) изработка на проекти на барање на едниот од потписниците;
   в) ревизија на проекти изработени од трети субјекти;
3. Консултативни активности;
4. Едукативни активности, реализирани преку:
   а) континуирано образование на инженерско-техничкиот кадар;
   б) семинари и работилници организирани на ниво на потписниците и/или проширено ниво со останати субјекти во и вон Република Македонија чиј делокруг на работа е од интерес за потписниците;
5. Материјална и стручно-професионална поддршка од едниот потписник при инвестициски активности иницирани од другиот потписник на Меморандумот;

6. Доколку постојат финансиски можности, стипендирање на студенти од завршните години, како и постдипломци чие поле на интерес е во делокругот на работа на Реплек Фарм;

7. Обезбедување студентска пракса за студентите-стипендисти, како и останати студенти запишани на студиски програми од интерес на Реплек Фарм;

8. Доколку постојат финансики можности, наградување на студенти запишани на студиски програми од интерес на Реплек Фарм кои покажале натпросечни резултати во студирањето или постигнале забележителни иновациски резултати во делокругот на работа на Реплек Фарм;

9. Давање препораки за вработување на студенти дипломирани на Факултетот, на барање на Реплек Фарм;

10. Взаемно информирање за настани од интерес на потписниците (предавања, семинари, одбрана на магистерски и докторски трудови од делокругот на природните и фармацевтските науки, а организирани од страна на потписниците;

11. Размена на информации за членување во домашни и меѓународни професионални здруженија, учество, координација и заеднички настап во работата на истите;

12. Активности насочени кон одбележувањето на разни прослави, годишнини, јубилеи и сл.

Потписниците на Меморандумот ќе изготват заеднички процедури и други акти во врска со реализацијата на взаемната соработка.

Член 3 – КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Потписниците на Меморандумот најмалку еднаш на шест месеци, а по потреба и почесто ќе расправаат по прашања поврзани со остварување на целите на Меморандумот како и за другите дополнителни акти што ќе произлезат од истиот.

Член 4 – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето. За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

Меморандумот е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по еден примерок за секој потписник.

| | |
|---|---|
| 1. ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ВЕЛЕС | 2. Реплек Фарм Дооел, Скопје |
| Доцент д-р Валентина Павлова<br>ДЕКАН | Др. Иван Туџаров<br>ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР |